**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Tuesday, April 7, 2020 4:36 PM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: ПРЕТСТАВКА ЗА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВРЕДА НА ЧЕСТТА НА МОЕТО СЕМЕЈСТВО]
**Attachments:** video-1586267838.mp4; Opsht_obrazec_MK (1).docx

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 08.04.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 08 | | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: ПРЕТСТАВКА ЗА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВРЕДА НА ЧЕСТТА НА МОЕТО СЕМЕЈСТВО
From:
Date: Tue, 7 Apr 2020 14:36:04 +0000 (UTC)
To: "contact@avmu.mk" <contact@avmu.mk>

П.С. Во прилог ви испраќам и дел од снимката и самите да се уверите во ужасо кој што го претрпевме:
Новинарката уште да запее додека ја кажува грозоморната најава:

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

**Подносител – Име и презиме**

| |
|---|
| |

**Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број** (за доставување одговор)

| |
|---|
| |

**Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата** (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

| |
|---|
| **Канал 5** |

**Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата**

| |
|---|
| **06.04.2020 и 07.04.2020** |

**Опис**

(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

Почитувани, мојата реакција, т.е. претставка се однесува на прилогот за мојата покојна сестра митуван во Бекстејџ емисијата на канал 5. Очекуваме од вас да бидат казнети поради вознемирување на моето семејство и на моите внуци, децата на мојата покојна сестра. Нели говорот на омраза е казниво дело, и ова е говор на омраза. Таа новинарка која и да е не мрази нас, ги мрази децата, ја мрази сестра ми. Не мрази сите нас и ова е директен атак врз нас сите. Сметам дека тоа е така зошто после една година од како замина сестра ми и не остави во длабока болка и тага, некоја си новинарка имаше потреба да се изживува со сите нас и децата и да не подсетува како почина мојата сестра. да ни зарива нож во срцата, сол на раната да ни трие. Цела Македонија знае како почина сестра ми и во оваа малограѓанштина тоа е најбитно ??? Сестра ми умре од смрт, како и сите други, а како настапила смртта тоа е само прашање за во најинтимниот круг. Сестра ми има за што да се слави и фали. На годишнината од нејзиното упокојуваење беше вредно да се спомнат делата кои ги остави зад себе, улогите, синхронизациите. Ок, и овде беше тоа опфатено и се заблагдарив на уедничката Ева Јакимовска на Бекстејџ , дури и ми се извини за направената грешка, со ветување дека ке биде корегирана таа реченица. Но, денеска на 07.04.2020 на канал 5 одеше реприза односно реимитување со истата реченица. **ББ се обеси во својот стан во Скопје** Наводно,не можела да го промени.

Имаат ли овие луѓе чувства ??? ако воопшто можам да ги наречам луѓе ? Имаат ли емпатија, имаат ли мозок да помислат дека сестра ми има деца и ќе го чујат ова. А еве и сами ќе чуете како е тоа презентирано. Без грам сочуство !!! Моите родители повторно се потресоа. Ма згрозени сме. Истото беше и пред една година, сите одвратни петпарачки

медиуми кај нас сензационалисти, ловци на пикантни приказни, без да продрат малку подлабоко, ја пласираа веста за смртта на сестра ми и начинот како да соопштуваат временска прогноза. Тогаш оставивме тоа така да помине зошто бевме скршени од тага и болка, НЕ сега дека е подобрена нашата состојба, туку сега имам време да реагирам и да се борам за честа на моето семејство.

Почитувани во прилог ќе ви пратам снимка и се надевам дека вашата агенција ќе ги доведе работите во ред. Јас и моето семејство очекуваме казна за телевизијата која не направила увид во она што нивната така наречена новинарка ќе пласира и **јавно извинување на нивниот медиум до моето семејство, а посебно до децата на сестра ми.** Ние овојпат сме спремни и до Стразбург да одиме, со цел да се стави крај на дилетантизмот и зачувување на човечките права и достоинство. Поздрав и до скоро слушање.

Со почит

**Датум и место на поднесување**

**Потпис на подносителот**

**Ви благодариме!**